Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 10-463/2
30-05-2025 20___ год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До: Хелсиншки комитет за човекови права**

Email: helkom@mhc.org.mk

**ПРЕДМЕТ: Одговор по Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Почитувани,

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од Ваша страна, доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер, заверено со наш архивски број 10-463/1 од 28.05.2025 година, во кое што ги барате следните информации од јавен карактер:

1. **Колку претставки се поднесени пред Комисијата во период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година**
   - Во извештајниот период пред Комисијата се поднесени 113 претставки.
2. **Колку од тие претставки се поднесени од жени?**
   - Во извештајниот период поднесени се 43 претставки од жени.
3. **Колку од тие жени се припаднички на некоја од маргинализираните заедници (жени од руралните средини, жени од ЛГБТИ заедницата, жени кои употребуваат дроги, сексуални работнички, осуденички, бездомнички)?**
   - Во извештајниот период до КСЗД е поднесена една претставка од жени со место на живеење во рурална средина.
4. **Колку од жените кои поднеле претставки до Комисијата се од Скопскиот плански регион?**
   - Во извештајниот период до Комисијата се поднесени 22 претставки од жени со место на живеење во општините од Скопскиот плански регион.
5. **Дали и колку од претставките се поднесени онлајн или на конвенционален начин (пошта или директно во просториите на Комисијата)?**
   - Во извештајниот период, од претставките поднесени од жени, онлајн се доставени 17 претставки, а 26 претставки се поднесени на конвенционален начин.
6. **Колку од поднесените претставки од жени се отфрлени и колку од тие се од жени припаднички на маргинализираните заедници (жени од руралните средини, жени од ЛГБТИ заедницата, жени кои употребуваат дроги, сексуални работнички, осуденички, бездомнички)?**

   - За претставките кои се поднесени во извештајниот период од жени, донесени се 13 заклучоци [1]за отфрлање на претставка, односно за непостапување или

запирање постапката. Од нив, ниеден не се однесува на претставки од жени припаднички на маргинализираните заедници (жени од руралните средини, жени од ЛГБТИ заедницата, жени кои употребуваат дроги, сексуални работнички, осуденички, бездомнички).

7. **Во колку претставки комисијата утврдила дискриминација и дали станува збор за интерсекциска дискриминација?**

- Од претставките поднесени во извештајниот период од жени, утврдена е дискриминација во еден случај, кој не е случај на интерсекциска дискриминација.

Ви стоиме на располагање за сите евентуални дополнителни информации.

*Со почит,*

ПРЕТСЕДАТЕЛ
Лимко Бејзароски

[1] Забелешка: податоците во одговорите на прашањата под реден број 6 и 7 се однесуваат на статусот на претставките заклучно со 29.05.2025 година. Заклучно со овој датум, КСЗД нема донесено одлука за 23 од претставките кои се поднесени од жени во периодот од 01.01.2025 до 31.03.2025 година, односно истите се во тек.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk